Бр. 09 - 1777 /2
11 -06- 2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на деветнаесеттата седница одржана на ден 07 јуни 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1777/1 од 06.03.2019 година, поради застареност, односно се работи за постапка за вработување од 2012 година .

Предметот со број 09-1777/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложениеto, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1777/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава.

Во пријавениот случај е наведено дека во еден Институт во 2012 година е вработено лице како секретар, кое е блиско лице на еден актуелен пратеник.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека се работи за постапка за вработување во 2012 година, и поради застареност, Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-1777/1 од 06.03.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk